# ОБУКА ЗА МАСТЕР ОБУЧУВАЧИ

# Прирачник за учесници

**март 2017**

Проектот е финансиран
од Европската Унија

Министерство за образование и наука
Св.Кирил и Методијбр.54, 1000 Скопје
Тел: (+389 02) 3248 500
х: (+389 02) 3248 500

**Добредојдовте!**

Добредојдовте како учесници на првата обука за мастер обучувачи на Националниот одбор за Националната рамка на квалификации и Одделението за НРК.

Вашата обука е организирана од страна на твининг проектот финансиран од ЕУ: *'Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации",* во соработка со Националниот одбор за НРК.

Учесниците кои успешно ќе ги завршат двете оценувања за програмата ќе добијат сертификат доделен заеднички од твининг проектот и Националниот одбор за НРК.

Во иднина, Вие ќе претставувате панел на "експерти -обучувачи" кои ќе им помогнат на Националниот Одбор за НРК и Одделението за НРК во промовирањето на Македонската рамка на квалификации и во мошне важната задача на обучување други лица за новите методологии за развивање квалификации за НРК, за прилагодување на постојни квалификации, и за општите аспекти за НРК.

Се надеваме дека ќе имате позитивно искуство со програмата за обука и дека таа ќе Ви користи во Вашата професионална работа и во понатамошните реформи во образованието и обуката во Македонија.

**СОДРЖИНА**

I. Цел на програмата за обука
II. Планирани резултати од учење
III. Структура на програмата за обука
IV. Распоред
V. Оценувања
a. Демонстрација на микро-обука
b. Портфолио со материјали за обука
c. Критериуми за оценување
VI. Групна работа
VII. Архива на он-лајн документи
VIII. Предавачи и оценувачи
IX. Доделување на сертификати



Министерство за образование и наука
Св.Кирил и Методијбр.54, 1000 Скопје
Тел: (+389 02) 3248 500
x: (+389 02) 3248 500

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Оваа програма има три општи цели:

1. Да им се обезбедат на учесниците практични можности да станат компетентни обучувачи на лица вклучени во развивањето на квалификации од одреден сектор од образование и обука, и истите да станат одобрени експерти за информирање различни засегнати страни за структурата и процедурите на МРК.

2. Да им се обезбеди структурирана можност на учесниците да ги покажат своите компетенции како обучувачи на други лица околу потребните методологии за дизајнирање и развој на квалификации и за прилагодување на постојни квалификации.

3. Да им се даде на учесниците можност да бидат ментори на помошници-обучувачи, кои би ги развиле своите капацитети преку обука на работното место, кое опфаќа обучување на врсниците за потребните методологии за изготвување нови квалификации.

## II. ПЛАНИРАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

- **Знаење и разбирање**

Успешните кандидати треба да:

1. Ја познаваат и разбираат генералната законска основа за НРК во Македонија и нејзиното место во севкупната политика на реформи во образованието;
2. Ја познаваат и разбираат структурата на НРК и нејзините описи на нивоа;
3. Ги познаваат и разбираат стандардите на занимања и професионалните стандарди во Македонија;
4. Ги познаваат и разбираат облиците на резултати од учење и користењето модули за квалификации кои се применуваат во Македонија;
5. Знаат и разбираат како се предлагаат, развиваат и одобруваат нови квалификации;

6. Знаат и разбираат како се прилагодуваат постојните квалификации кон барањата на НРК.

- **Вештини**

Успешните кандидати би требало да можат да:

Ги покажат потребните вештини за подготовка на соодветни материјали за обука со цел обучување на останати лица за барањата на НРК поврзани со развивање нови квалификации и прилагодување на постојните.

- **Компетенции**

Успешните кандидати би требало да можат да:

1. Покажат компетенции како обучувачи кои ќе вршат обука на други лица околу структурата и „технологиите“ на НРК.

2. Покажат компетенции како обучувачи кои ќе обучуваат други лица генерално за потребните методологии за дизајнирање и развивање на квалификации во Македонија.

3. Покажат компетенции како обучувачи на лица вклучени во развивањето на квалификации во определен сектор од образованието и обуката.

4. Покажат компетенции како ментори на помошниците-обучувачи за потребните методологии на НРК за дизајнирање и модернизирање на квалификациите.

## III. СТРУКТУРА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Програмата е структурирана во два модула.

**МОДУЛ 1: Правни, оперативни и педагошки аспекти на НРК.**

Составен од 5 модуларни единици со следните наслови и теми.

**Модуларна единица 1:**
**Вовед во структурата на НРК**

- Нивоа и описи на нивоа;
- Национални стандарди на занимања;
- Стручни квалификации.

**Модуларна единица 2:**
**Предлагање, развивање и модернизирање на квалификации**

EU for YOU!
Проектот е финансиран од Европската Унија

Министерство за образование и наука
Св.Кирил и Методијбр.54, 1000 Скопје
Тел: (+389 02) 3248 500
х: (+389 02) 3248 500

- Предлагање нови квалификации;
- Развивање и одобрување на нови квалификации;
- Модернизирање на постојни квалификации.

**Модуларна единица 3:**
**Користење резултати од учење при дизајнирање на квалификации и оценување**

**Модуларна единица 4:**
**Изготвување и спроведување на модуларна наставна програма (курикулум) заснована на акумулирање кредити**

**Модуларна единица 5:**
**Осигурување квалитет**
- Доживотно учење;
- Регистар на квалификации на НРК;
- Осигурување квалитет за квалификациите
- Признавање/валидирање на претходно учење.

## МОДУЛ 2: Квалификации

Содржи 5 изборни модули околу модернизирање на постојните квалификации.

**Изборен модул 1:**
Развивање квалификации од тригодишното стручно образование и обука

**Изборен модул 2:**
Развивање квалификации од четиригодишното стручно образование и обука

**Изборен модул 3:**
Развивање квалификации од образование на возрасни

**Изборен модул 4:**
Развивање квалификации од високо образование

**Изборен модул 5:**
Развивање квалификации од пост-средно образование

Учесниците ќе присуствуваат на сите сесии за сите изборни модули, но ќе се специјализираат за специфична избрана тема која што е најблиска до нивното поле на работа и ќе им послужи за содржината на портфолиото, или пак за нивното презентирање на микро-обука.


Министерство за образование и наука
Св.Кирил и Методијбр.54, 1000 Скопје
Тел: (+389 02) 3248 500
х: (+389 02) 3248 500

## IV. РАСПОРЕД

1. Програмата за обука е предвидена да трае осум недели.

2. Предвидени часови за работа:

   - 30 часови директен контакт во училница;
   - 20 часови учење поддржано преку е-платформа;
   - 250 часови самостојно и групно учење.

3. Планирани се четири цели денови за обука, од кои што еден ден е презентирање на микро-обука и оценување.

4. Датумите за обука се од вторник до четврток, 21-24 март 2017.

5. Оценувањето на микро-обуките е предвидено за петок, 24 март.

6. Портфолиото со материјали за обука мора да биде предадено на оценување на или пред 28 април 2017.

7. Резултатите од оценувањето ќе бидат објавено најдоцна до 12 мај 2017 од страна на Националниот одбор за НРК и твининг проектот.

8. Сертификатите ќе бидат презентирани на завршната конференција на твининг проектот во јуни 2017.

**Нацрт распоред и теми за обуката**

| **Ден/датум** | **Време** | **Модул/модуларна единица** | |
|---|---|---|---|
| **ДЕН 1** | 10.00 – 10.30 | Добредојде и вовед<br><br>Објаснување на детали околу обуката | Прирачник за учесници |
| | 10.30 – 12.00 | **Модул 1, МЕ 1**<br>• НРК во детали, стандарди на занимање, стандарди на квалификација) | Прирачник |
| | **ПАУЗА ЗА РУЧЕК** | | |
| | 12.30 – 3.00 | **Модул 1, МЕ 2**<br>• Предлагање и развивање нова квалификација | Прирачник |
| | 3.00 – 3.30<br><br>3.30– 3.45 | • Објаснување за презентирањето на микро-обука и за портфолиото<br>• Објаснување на е-платформата | Прирачник за учесници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3.45 – 4.00 | • Формирање на групи (по 4 или 5 членови ) | |
| **ДЕН 2** | 10.00- 10.15<br><br>10.15 – 12.30<br><br>**ПАУЗА ЗА РУЧЕК**<br><br>13.45 – 14.30<br><br>14.30 – 15.00<br><br>15.00 – 16.00 | • Прашања<br><br>**Модул 1, МЕ 3**<br>• Користење на РО<br><br>**Модул 1, МЕ 4**<br>• Користење модули и единици/делови<br><br>• Планови за НРК Регистарот<br><br>**Модул 1 МЕ 5**<br>• Принципи за осигурување квалитет,<br>• НРК Регистар,<br>• Доживотно учење,<br>• ППУ/ВНФИУ | Прирачник<br><br>Прирачник<br><br>Прирачник<br><br>Прирачник |
| **ДЕН 3** | 10.00 – 10.15<br><br>10.15 – 12.30<br><br>**ПАУЗА ЗА РУЧЕК**<br><br>13.00- 13.30<br><br>13.30 – 14.30<br><br>14.30 – 16.00 | • Прашања<br><br>• Прилагодување и модернизирање постојни квалификации<br><br>• Потсетување околу законите и правната регулатива поврзана со квалификациите во Македонија<br><br>• Подготовки за оценувањето на микро-обуките. Прегледување на критериумите за оценување.<br><br>• Работа на портфолијата | Прирачник<br><br>Архива |
| **ДЕН 4** | 10.00 до 15.00 | • Оценување на микро-обуките (распоредот е даден подолу) | |

## V. ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето за квалификацијата „Мастер обучувач“ ќе се спроведе два пати:

**Оценување 1:** Презентирање на микро-обука;

**Оценување 2:** Портфолио со материјали за обука.

### а) Демонстрирање на микро обука

1. Секој учесник ќе направи демонстрација во времетраење од 20 минути за делови од Модул 1 или од еден изборен модул.
2. Демонстрирањето на обуката ќе се одвива пред група од 4 до 5 колеги за програмата.
3. Обучувачите ќе имаат 10 минути за да ги постават своите материјали и да го организираат просторот за обука.
4. За секоја демонстрација ќе има двајца оценувачи.
5. Подготвување планови за обука

Пред било кој од обучувачите да ја започне презентацијата, истиот ќе треба да им предаде на оценувачите документ од една страна со следните информации:

1. Целна група за сесијата
2. Тема на сесијата за обука
3. План за сесијата (минута-по-минута)

| Време во минути | Што прави обучувачот | Што прават обучуваните (учесниците) | Методи и материјали кои се користат |
|---|---|---|---|
| | | | |

### b. Портфолио од материјали за обука

Втората активност која ќе биде оценета е подготовката на Портфолио со материјали за обука, соодветни за обезбедување информации и за обучување на други околу аспектите на МРК, кои што беа вклучени во Вашите модули.

Материјалите треба да бидат на македонски јазик.

Треба да ги вклучите сите аспекти од Модул 1 во Вашите материјали за обука и ЕДЕН изборен модул даден во листата под Модул 2.

Вашето ПОРТФОЛИО би можело да биде класер со прстени и разделници или растеглива хармоника - папка со прегради, по можност сина, со Вашето име испишано на страна или пак на предниот џеб.





Материјалите за обука може да опфатат информативни документи, презентации (power-point), активности за работилница, листови за прашања и одговори, и било каков друг вид на материјали за обука пригодни за намената.

Во портфолијата треба да се вклучи и флеш меморија (меморискиа стик) со power-point презентации.

- **Образец за рефлексија**

Секое портфолио треба да содржи образец од три страни за изнесување на лична рефлексија. Таа изјава треба да ги вклучи следните наслови.

Име:

Сектор:

1. На какви потешкотии наидов при подготвувањето на материјалите за обука и зошто.
2. Опис на мојот личен пристап при обучувањето на моите врсници.
3. Опис на мојот личен пристап при обучување на нови лица за користење на НРК и нови методологии за развивање квалификации.

### c. Критериуми за оценување

Обучувачите ќе треба да ги земат предвид **критериумите за оценување** за микро-обуката кога ќе ги изготвуваат своите планови за обука.

| **Критериуми за оценување за демонстрирање на микро-обука** |
|---|
| 1. Сесијата за обука е соодветно испланирана |
| 2. Целите и резултатите од учење (РО) се објаснети на учесниците |
| 3. Процесот е доволно објаснет за учесниците |
| 4. Сесијата е спроведена со соодветна брзина |
| 5. Фасилитирањето/стилот на обучување е соодветен за групата |
| 6. На учесниците им е соодветно овозможено да прашуваат за појаснување и да придонесат кон дискусијата |
| 7. Материјалите за обука се добро избрани и се соодветни |
| 8. Учесниците се поканети да постават прашања |
| 9. Сесијата е соодветно оценета |
| 10. Постигнати се очекуваните резултати од учење од страна на учесниците |

За демонстрирање на микро-обуките, може да има 3 паралелни групи (наутро и попладне) – зависно од вкупниот број.

Учесниците ќе бидат распоредени во одредена група.

УТРИНСКИ РАСПОРЕД

| ГРУПА 1 | ГРУПА 2 | ГРУПА 3 |
|---|---|---|
| 10.15- 10.35 | ИСТО | ИСТО |
| 10.45 – 11.05 | | |
| 11.15 – 11.25 | | |
| 11.50 – 12.10 | | |
| 12.20 – 12 40 | | |
| 12.50 – 1.10 | | |

ПОПЛАДНЕВЕН РАСПОРЕД

| | | |
|---|---|---|
| 1.45 – 2.10 | | |
| 2.20 – 2.40 | | |
| 2.50 – 3.15 | | |
| 3.25 – 3.45 | | |
| 3.55- 4.15 | | |

**Критериуми за оценување на портфолиото**

| **Критериуми за оценување на Портфолиото со материјали за обука** |
|---|
| 1. Портфолиото содржи ресурси за обука за секој од 5те дела од Модул 1 и едниот изборен модул |
| 2. Ресурсите за обука се изработени на начин што одговара за различни целни групи/ учесници на обуката од основно воведно ниво па нагоре |
| 3. Ресурсите се соодветни за разни групи |
| 4. Ресурсите се точно поткрепени со факти и доволно информативни за |

| |
|---|
| секоја група корисници |
| 5.Ресурсите за обука се соодветно изработени како педагошки алатки. |

Портфолијата не треба да содржат скапи материјали бидејќи тие ќе останат кај Националниот одбор за НРК, како што е вообичаено случај со материјали за оценување.
Се препорачува учесниците да задржат втора копија од материјалите за нивна лична употреба во иднина.

**ПОВТОРНИ ОЦЕНУВАЊА: Кандидатите кои нема да положат одреден модул или дел, ќе можат да го полагаат истото уште еднаш.**

## VI. ГРУПНА РАБОТА НА ПОРТФОЛИОТО

Учесниците се охрабруваат да состават работни групи од 3-6 лица кои ќе работат заедно на избирање и изготвување на материјали за обука за портфолиото.

Групната работа по избор на групата би можела да се спроведе он-лајн или за време на состаноци.

Секој учесник мора да поднесе индивидуално портфолио.

Во секое портфолио треба да се наведе листа со имиња на учесниците во групата.

Секоја група треба да ги договори сопствените правила за заедничко работење и начинот како ќе се признае вложениот труд.

## VII. АРХИВА НА ОН-ЛАЈН ДОКУМЕНТИ

Он-лајн архивата на документи одобрена од страна на Одборот за НРК ќе биде достапна за учесниците како помошна алатка за подготвување на портфолијата.

Исто така ќе можете да дојдете до документите преку веб-линковите во Прирачникот за развивање нови квалификации за НРК.

## VIII. НАСТАВНИЦИ И ОЦЕНУВАЧИ

Наставниците и гостите кои ќе дадат придонес ќе бидат избрани и одобрени од страна на Националниот одбор за НРК и твининг проектот.

Оценувачите ќе бидат номинирани и одобрени од страна од на Националниот одбор за НРК. Предавањата ќе бидат во најголем дел на македонски јазик, а повремено и на англиски јазик со обезбеден превод на тие делови на македонски јазик.

## IX. Доделување на сертификати

Се планира сертификатите на успешните мастер обучувачи да им бидат доделени на завршната конференција на твининг проектот во јуни 2017.

**Среќна и успешна обука!**


Министерство за образование и наука
Св.Кирил и Методијбр.54, 1000 Скопје
Тел: (+389 02) 3248 500
х: (+389 02) 3248 500